**Република Северна Македонија**
**Нотар Снежана Видовска**
***Скопје, ул. Ѓуро Ѓаковиќ бр.52***

***ОДУ број 373/21***

# ИЗВОД

# НОТАРСКИ ЗАПИСНИК

---

16.06.2021 (дваиљадиидваесетипрва година, месец јуни, ден шеснаесетти)------------------------------------------

***Јас Нотар, Снежана Видовска од Скопје,*** со седиште на ул. Ѓуро Ѓаковиќ бр. 52, денес на ден шеснаесетти, месец јуни, дваиљадиидваесетипрва година, во 10 (десет) часот, на писмена покана од 20.05.2021 година, од страна на АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, присуствував на седницата на Собранието на Акционерското друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, со седиште на булевар 3-та Македонска Бригада број бб во Скопје. -----------------------------------------------------------------------------

Седницата на годишното собрание се одржува на паркингот пред Упрвната зграда на АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје на булевар 3-та Македонска Бригада број бб во Скопје на отворен простор, на кој е овозможено непречено одвивање на седницата со почитување на мерките за спречување на ширење на вирусот Ковид-19, посебно за одржување на пропишаната дистанца помеѓу акционерите и носење на заштитни маски.---------------------------------------------------------------------------

Седницата се одржува на ден шеснаесетти, месец јуни, дваиљадиидваесетипрва година, со почеток во 10 (десет) часот, при што согласно член 92 од Законот за Нотаријат и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ број 28/2004 со сите измени и дополнувања), го составив следниот:-----------------------------------------------------------------------------------------------------

**-------------------------------------------------------ЗАПИСНИК---------------------------------------------------------**

**---------од седница на Собранието на АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКАСкопје-----------------**

---

Непосредно пред почетокот на Собранието ми беа доставени и извршив увид во:-------------------------------

**А)Тековна состојба** електронски издадена од дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, од која **утврдив дека** Акционерското друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА АД Скопје, со седиште на булевар 3-та Македонска Бригада број бб во Скопје, е основано на ден 18.02.2006 година и е запишано во единствениот трговски регистар, со ЕМБС 4053222 и ЕДБ 4030977259488.------------------------

**Б)Акционерска книга** на АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност на ден 14.06.2021 (четиринаесеттијунидвеиљадиидваесети прва) година, во 11:03:10- 11(единаесет) часот, 03(три) минути, 10(десет) секунди, од која утврдив дека номиналниот капитал на Друштвото изнесува 4.124.600,00 ЕУР (четirимилионистодваесетичетири илјадиишестоевра), кој е поделен на 206230 (двестотиниишест илјадиидвестотиниитриесет) обични акции, чија номинална вредност изнесува 20,00 ЕУР (дваесет), и дека бројот на гласовите на собранието изнесува 206230 (двестаишестиљадидвестаитриесет), кои се поделени на 634 (шестоитриесетичетири) иматели со 635 (шестотриесетипет) сопственички позиции.-------------------------------------------------------------

**В)ОДЛУКА** од Одборот на директори на Друштвото за одржување на редовно годишно собрание на акционерите на АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, број 0204-20 од 06.05.2021 година, со која се свикува денешната седница на Собранието на акционерите на АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, со почеток во 10 (десет) часот. -----------------------------------------------------

**Г)ЈАВЕН ПОВИК** за одржување на редовно Годишно Собрание на акционерите на АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, објавен во дневниот весник Слободен Печат на ден 14.05.2021 година (дваиљадиидваесетипрва година, мај, четиринаесетти), на интернет страницата на Друштвото на ден 14.05.2021 и на СЕИ-НЕТ на Македонска Берза на ден 14.05.2021 во 08:51:03, со кој се повикуваат акционерите да присуствуваат на денешната седница на Собранието на акционерите на АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, со почеток во 10 (десет) часот. -----------------------------------

---

Пред почетокот на седницата акционерите и полномошниците на акционери пристапија кон потпишување на Списокот на присутни акционери и полномошници на акционери, по што се пристапи кон евидентирање на пријавените акционери и полномошници на акционери во систем за утврдување на присатност и кворум за работа и одлучување, по што преку истиот систем е изготвена Листа на присутност на собранието.--------------------------------------------------------------------------------------------------------

По завршувањето со евидентирање во 10,30 (десетитриесет) часот, Седницата на Собранието ја отвори претседавачот на претходното акционерско собрание Чедомир Стојковски, кој што констатираше дека согласно потпишаниот список на пријавени акционери и полномошници на акционери, на денешната седница за учество се пријавени и претставени на Собранието акционери кои имаат право на **184835** (стоосумдесетичетирииљадиосумстотриесетипет) **гласа**, односно 89,63% од вкупниот број од 205754 акции со право на глас, од вкупниот број 206230 издадени акции, од кои согласно акционерската книга без право на глас се 476 акции, по што констатираше дека собранието има кворум за работа и за одлучување. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа Чедомир Стојковски предложи собранието да продолжи со втората точка од процедуралниот дел и да се избере Претседавач на денешната седница на Собранието. Притоа тој ги извести присатните акционери дека до друштвото АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, на ден 17.05.2021 година доставен е еден писмен предлог од група акционери со кој го предлагаат акционерот Чедомир Стојковски за Претседавач на денешната седница на Собранието. Предлогот Чедомир Стојковски да биде избран за Претседавач на Собранието беше ставен на гласање и истиот беше **едногласно усвоен (100%)** со поединечно гласање на акционерите.------------------------------------------------------------------------

Избраниот Претседавач ги поздрави присутните учесници на собранието и го отвори за работа, по што констатираше дека на Собранието е присутен нотарот Снежана Видовска, која ќе го води записникот и согласно четвртата точка од процедуралниот дел од објавениот дневен ред му предложи на Собранието да изврши избор на тричлена верификациона комисија, бројач на гласови и тричлена комисија за тајно гласање. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот ги извести присатните акционери дека до друштвото АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје на ден 17.05.2021 година од група акционери доставен е писмен предлог за бројач на гласови да биде избран акционерот Александар Теодоров, за членови на верификационата комисија да бидат избрани Стефче Шапков, Ванчо Маџов и Руска Бришиќ, а за членови на тричлената комисија за тајно гласање да бидат избрани Стефче Шапков, Руска Бришиќ и Александар Теодоров.----------------------

Претседавачот ги извести присатните акционери дека до друштвото АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје на ден 21.05.2021 година од група акционери доставен е и друг писмен предлог за членови на верификационата комисија да бидат избрани Влатко Канчевски, Ѓорѓи Доновски и Владанка Трајкоска, а за членови на тричлената комисија за тајно гласање да бидат избрани Ивица Капедановски, Влатко Канчевски и Сузана Димовска.------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на гласање за избор на бројач на гласови по што Претседавачот констатираше дека единствениот предлог Александар Теодоров да биде избран за бројач на гласови е **едногласно усвоен (100%)** со јавно гласање со кревање на раце на акционерите.------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на гласање за избор на членови на **верификационата комисија**, по што на гласање го стави Предлогот од акционерите за членови на верификационата комисија да бидат избрани Стефче Шапков, Ванчо Маџов и Руска Бришиќ, и по поединечното гласање констатираше дека за предлогот гласале 99398 гласа **ЗА** (53,78%), 85437 гласа **ПРОТИВ** (46,22%) и **ВОЗДРЖАН** нема (0,00%).------------------------

Потоа на гласање го стави Предлогот од акционерите за членови на верификационата комисија да бидат избрани Влатко Канчевски, Ѓорѓи Доновски и Владанка Трајкоска, и по поединечното гласање констатираше дека за предлогот гласале 85437 гласа **ЗА** (46,22%), 99398 гласа **ПРОТИВ** (53,78%) и **ВОЗДРЖАН** нема (0,00%).------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека за членови на Верификационата комисија се избрани Стефче Шапков, Ванчо Маџов и Руска Бришиќ.---------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на гласање за избор на членови на тричлената **комисија за тајно гласање**, по што на гласање го стави Предлогот од акционерите за членови на тричлената комисија за тајно гласање да бидат избрани Стефче Шапков, Руска Бришиќ и Александар Теодоров, и по поединечното гласање констатираше дека за предлогот гласале 99398 гласа **ЗА** (53,78%), 85437 гласа **ПРОТИВ** (46,22%) и **ВОЗДРЖАН** нема (0,00%).------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа на гласање го стави Предлогот од акционерите за членови на комисијата за тајно гласање да бидат избрани Ивица Капедановски, Влатко Канчевски и Сузана Димовска, и по поединечното гласање констатираше дека за предлогот гласале 85437 гласа **ЗА** (46,22%), 99398 гласа **ПРОТИВ** (53,78%) и **ВОЗДРЖАН** нема (0,00%).------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека за членови на тричлената комисија за тајно гласање се избрани Стефче Шапков, Руска Бришиќ и Александар Теодоров, по што даде пауза за Верификационата комисија да ги верификува присутните и застапувани акционери.------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------ -

По завршувањето со увидот во Акционерската книга и доставените полномошна, верификационата комисија на Претседавачот му даде листа на присутни и застапувани акционери потпишана од членовите на верификационата комисија, врз основа на која Претседавачот констатираше дека на денешната седница за учество се пријавени акционери кои имаат право на **184835** (стоосумдесетичетири илјадиосумстотриесетипет) **гласа**, односно 89,63% од вкупниот број од 205754 акции со право на глас, од вкупниот број 206230 издадени акции, од кои согласно акционерската книга без право на глас се 476 акции, по што констатираше дека собранието има кворум за работа и за одлучување. При тоа верификационата комисија укажа дека на ден 15.06.2021 година се доставени полномошна за лицата Ивица Капедановски и Ратко Канчевски како полномошници од лица кои не се акционери согласно акционерската книга и кои од овие причини не се евидентирани во преставената гласовна состојба на Собранието.------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---

За збор се јави Васко Митев кој како полномошник на акционерот Александра Митев изјави дека бара согласно член 391 став 5 од ЗТД да му биде дадена копија од списокот на акционери и нивни полномошници кои го пријавиле своето учество на денешната седница на акционерското собрание за пријавени акционери. Откако Претседавачот му даде потпишан примерок од Листата на присутни акционери и нивни полномошници Васко Митев праша дали постои список на која се потпишани акционерите и нивните полномошници кои се пријавиле за учество, на што му беше одговорено дека сите учесници на денешното собрание вклучително и тој лично, го пријавиле своето учество со потпишување на списокот на пријавени акционери кој е потврден и од верификационата комисија. ------
За збор се јави Горан Антевски кој побара увид во полномошната од акционерите кои се застапувани на денешната седница на акционерското собрание, при што наведе дека согласно законот има право и затоа бара веднаш да му се дозволи да изврши увид во полномошната, а воедно истиот во тој момент сочини и писмено барање адресирано до Претседавачот на собранието со кое и писмено побара да изврши увид на лице место на денешното собрание. На ова барање Извршниот директор Татјана Лазаревски му одговри дека полномошната содржат лични податоци за нивните властодавачи кои мора да се заштитат согласно Законот заштита на лични податоци, по што ги упати сите акционери кои бараат увид тоа да го направат со закажување на посебен термин кој ќе биде одреден откако ќе бидат заштитени личните податоци на акционерите. ----------------------------------------------------------------------------------------------------
За збор се јави Андријана Радојевиќ која праша дали полномошната се издадени конкретно за денешното собрание или се постари, на што Стефче Шапков-член на верификационата комисија одговри дека комисијата ги проверила сите полномошна и потврдува дека сите полномошна кои се верифицирани се валидни согласно Законот.--------------------------------------------------------------------

---

По утврдувањето на кворумот, Претседавачот предложи собранието да продолжи со работниот дел од --објавениот дневен ред, по што на акционерите им презентираше дека Јавниот повик за денешната седница е објавен на ден 14.05.2021 година во дневниот печат-Слободен печат, на официјалната интернет страна на Друштвото и на интернет страната на СЕИ НЕТ, заедно со материјалите за седницата кои биле достапни и во седиштето на друштвото, по што предложи Собранието да го утврди дневниот ред и премина на гласање за предложениот дневен ред, по што констатираше дека Собранието ќе работи по објавениот: ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД:** ----------------------------------------------------------------

---

**1.Разгледување и усвојување** на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2020 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје за деловната 2020 година;------------------------------------------------------------------------------------
**2.Разгледување и усвојување** на Годишната сметка за деловната 2020 година;--------------------------------------
**3.Разгледување и усвојување** на ревидираните финансиски извештаи за 2020 година; ------------
**4.Донесување на Одлука** за распределба на добивката по годишна сметка за 2020 година;----------------------
**5.Донесување на Одлука** за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар;---------------------------------------------------------------------------------------------------------
**6.Донесување на Одлука** за исплата на аванс на дивиденда;---------------------------------------------------------
**7.Донесување на Одлука** за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2021 година;-
**8.Донесување на Одлука** за стекнување на сопствени акции со откуп;-----------------------------------------------
**9.Донесување на Одлука** за отповикување и избор на членови на Одборот на директори.----------------------

---

При тоа Претседавачот нагласи дека на оваа седница ќе се работи и одлучува само по точките од Дневниот ред.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---

**1.Се пристапи** кон разгледување на точката на дневен ред- Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2020 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје за деловната 2020 година.-----------------------
За збор се јави Горан Антевски кој наведе дека пред три години во 2018 година поставил писмено прашање до Извршниот директор во врска со непотврдени информации кои ги добил за тоа дали Извршниот директор имал приватни средби и дружења во тоа време со некои судии кои одлучувале за некои предмети на Друштвото, на што тогаш добил одговор од Извршниот директор експлицитно и изречно дека НЕ на што тој се заблагодарил, па сега повторно го поставува истото прашање,со барање истото да биде објавено, па праша дали истото било објавено, на што Извршниот директор му одговри дека на акционерското собрание може да се разгледуваат прашања само по точките од дневниот ред, како и да се водат дискусии поврзани со акционерството и работењето на друштвото па со оглед на тоа што тоа негово конкретно прашање кое пред 3 години го поставил и на кое тогаш му бил даден експлицитен одговор а кое прашање е од лична природа и приватен карактер во однос на извршниот директор и не е поврзано со ниедна точка од дневниот ред, ниту со Собранието ниту има било каква врска со акционерите и друштвото, па бидејќи истото го доставил лично до Извршниот директор ден пред одржување на собранието и не било официјално адресирано до Одборот на директори ниту пратено како прашање во определениот рок согласно Законот а утврден во повикот за Собрание, истото не можело да се објави.------------------------------------------------------------------------------------------

---

Во продолжение Горан Антевски истото прашање писмено го достави на самата седница до Претседавачот на Собранието и потоа без да добие збор од Претседавачот, истото го прочита на акционерите, по што побара Извршниот директор писмено да му одговори на прашањето. Извршниот директор наведе дека и покрај тоа што прашањето е приватно, дегутантно и поставено со цел да се дефокусира и опструира собранието истото е веќе одговорено од пред три години, па побара Собранието да продолжи со работа по точките од дневниот ред и вакви беспредметни дискусии да не се ставаат во Записникот. Тоа го потврди и Претседавачот кој кажа дека на Собранието ќе се расправа и одлучува само по точките од Дневниот ред. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави Васко Митев, кој наведе дека согласно член 391 став 5 од ЗТД и согласно списокот на присутни Собранието нема услови за работа, бидејќи списокот треба да биде потпишан а него му е дадена само листа на присутни без потписи, а воедно истакна дека бара увид во полномошната а тоа не му се дозволува.На ова Извршниот директор му одговори дека на Евидентниот лист се потпишани сите пријавени акционери и полномошници на акционери и дека увид во полномошната може да побара официјално и да му се одреди термин кога ќе може да биде извршен увидот што веќе претходно беше укажано.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави Марјан Поповски кој побара од Одборот на директори да поведе постапка пред институциите во државата за да се испита потеклото на имотот на Аце Антевски, Горан Антевски, и на другите лица околу нив од кој се стекнати и купени акциите во АД Раде Кончар-Апаратна техника, како и уделите кои ги имаат во друштвата.--------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави Ѓорѓи Доновски, кој побара учесниците да не даваат инструкции за тоа што да влезе во записникот од седницата на собранието, бидејќи со тоа се врши упад во работата на собранието.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Бидејќи немаше друга дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото во деловната 2020 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје за деловната 2020 година. По извршеното поединечно гласање на секој од присутните акционери, Претседавачот констатираше дека Собранието **ја усвои** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото во деловната 2020 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје за деловната 2020 година со 104084 гласа **ЗА** (56,31%), 78683 гласа **ПРОТИВ** (42,57%) и 2068 гласа **ВОЗДРЖАН** (1,12%).-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.Се пристапи** кон разгледување на точката на дневен ред- Разгледување и усвојување на Годишната сметка за деловната 2020 година.------------------------------------------------------------------------------------

По отворањето на дискусијата за збор се јави Ѓорѓи Доновски, кој побара да му биде образложена ставката од Билансот на успех во која е искажана вредност на земјиште од 8.069.769,00 МКД и праша за кое земјиште станува збор, на која парцела и во кој имотен лист е запишано истиот, на што Извршниот директор Татјана Лазаревски одговори дека ќе се произнесе писмено со објавување на одговорот на ВЕБ страната на Друштвото иако смета дека на ова прашање порано било одговорено.-----------------------

Бидејќи немаше друга дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за усвојување на Годишната сметка за деловната 2020 година. По извршеното поединечно гласање на секој од присутните акционери, Претседавачот констатираше дека Собранието **ја усвои** Одлуката за усвојување на Годишната сметка за деловната 2020 година со 122327 гласа **ЗА** (66,18%), 14277 гласа **ПРОТИВ** (7,72%) и 48231 гласа **ВОЗДРЖАН** (26,09%).-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**3.Се пристапи** кон разгледување на точката на дневен ред- Разгледување и усвојување на ревидираните финансиски извештаи за деловната 2020 година.----------------------------------------------------------------

Претседавачот ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, по што за збор се јави Ѓорѓи Доновски кој по однос на делот од финансиските извештаи кој гласи „обрнување на внимание“ каде се наведува дека друштвото има земјиште кое е во сосопственост на АД Раде Кончар-Апаратна техника со РИ Енергетика, наведе дека ова се чита пет години по ред а сеуште нема уредено начин на користење и поделба на имотот. Затоа прашува што и какви напори направил Одборот на директори за решавање на ова прашање, какви дејствија планира да преземе и во кои рокови по што наведе дека бара писмен одговор. Извршниот директор Татјана Лазаревски одговри дека за решавање на ова прашање треба да се смени ДУП-от за да се создадат услови за делба на парцелата, при што секако дека ќе се настојува и ќе се направат напори истото да се реши но откако ќе се подели ДУП-от. Ѓорѓи Доновски наведе дека обрнува внимание на фактот дека ова оправдување е истото од лани и укажува дека со ДУП-от како акт на општината се определува опфатот на градежната парцела и дека станува збор за општ акт со кој се регулираат урбанистички односи а не имотно-правни односи на сопствениците. Понатаму тој праша дали може да се даде рок и дали досега е поведена некоја постапка до општината, или пред нотар бидејќи со ДУП-от не се дели парцелата, на што Татјана Лазаревски одговори дека ќе настојува да се реши прашањето, но дека не може во овој момент да даде точно определен рок. Понатаму Ѓорѓи Доновски праша како е уредено користењето на земјиштето, посебно што сосопственикот располагал со него и врз истото има воспоставено реален товар, на што Татјана Лазаревски одговри дека сите товари се

ставени без знаење и без одобрение и согласност од Друштвото, но дека истите не задираат во правото на сопственост на делот на АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје, што е потврдено и со официјален допис од Агенцијата за катастар на недвижности, па според тоа не е утврдено дека постои ризик по однос на сопственичкиот дел на Друштвото од предметното земјиште. Ѓорѓи Доновски истакна дека писмото од Катастарот е донесено по однос на запишаното извршување од извршител Христо Јованов но дека тоа не се однесува на запишаниот реален товар за заедничка градба, на што Извршниот директор одговори дека Катастарот потврдил дека ниеден од наведените товари запишани на имотниот лист не задираат во сопственичкото право на АД Раде Кончар-Апаратна техника врз земјиштето---------

За збор се јави Владанка Трајкоска која побара од присатниот ревизор Ненад Ранѓеловиќ појаснување на ставката останати трошоци дадена на страна 13, забелешка 9, со прашање зошто искажаниот износ не е разглобен. Понатаму побара аналитика на трошоците за Договорите за дело како и по однос на ставката 20, каде се искажани обврски по основ на учество во резултатот и побара појаснување што се спаѓа под тоа.------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Ревизорот Ненад Ранѓеловиќ одговри дека износот искажан во точката 9-останати трошоци можеби би требало да биде разглобен, но тоа не ја менува суштината додавајќи при тоа дека станува збор за сметководствените услуги и за провизии кон брокерите при што ги наведе поединечните износи за наведените трошоци. По однос на искажаните обврски по однос на учество, наведе дека станува збор за исплата на дивиденди на сопствениците кои уште не се исплатени. -------------------------------------------

Бидејќи немаше друга дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за усвојување на ревидираните финансиски извештаи за деловната 2020 година. По извршеното поединечно гласање на секој од присутните акционери, Претседавачот констатираше дека Собранието **ја усвои** Одлуката за усвојување на ревидираните финансиски извештаи за деловната 2020 година со 104084 гласа **ЗА** (56,31%), 45047 гласа **ПРОТИВ** (24,37%) и 35704 гласа **ВОЗДРЖАН** (19,32%).------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**4.Се пристапи** кон разгледување на точката на дневен ред- Донесување на Одлука за распределба на добивката по годишна сметка за 2020 година.---------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за распределба на добивката по годишна сметка за 2020 година. По извршеното поединечно гласање на секој од присутните акционери, Претседавачот констатираше дека Собранието **ја усвои** Одлуката за распределба на добивката по годишна сметка за 2020 година со 106122 гласа **ЗА** (57,41%), 14277 гласа **ПРОТИВ** (7,72%) и 64436 гласа **ВОЗДРЖАН** (34,86%).-----------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5.Се пристапи** кон разгледување на точката на дневен ред- Донесување на Одлука за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар.-----------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека по однос на оваа точка од дневниот ред, покрај предложената одлука од Одборот на директори, на ден 21.05.2021 година од страна на акционерите Горан Антевски и Раде Кончар-ТЕП ДООЕЛ Скопје до Друштвото е доставена нова Предлог-Одлука за износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар, па затоа собранието ќе одлучува за двете предлог-одлуки на денешната седница.----------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави Горан Антевски кој побара од акционерите да ја усвојат предлог-одлуката поднесена од него и од Раде Кончар-ТЕП ДООЕЛ Скопје, при што наведе дека Друштвото има доволно средства да се реализаира предложената одлука, посебно со оглед на тоа што се предлага купување на сопствени акции кои не носат профит на друштвото. -------------------------------------------------------------------------

Извршниот директор Татјана Лазаревски по однос на поднесената предлог-одлука истакна дека ја разбира желбата на предлагачите и истата ја почитува, но дека истата не може да се реализира од причини што постои правно спорен момент што претходно не се побарало промена на Одлуката за распределба на добивката односно не се предложила нова предлог-одлука за распределба на резервите над законски утврдениот износ како што предлагачите бараат во нивната Предлог-Одлука. Наведе дека со предложената одлука се бара исплата на останатите резерви над законски утврдениот износ и тоа во износ од 53.619.800 денари, но дека Друштвото надзакоснки резерви има само износ од 2.520.479,00 денари, додека износот од 53.619.800 денари кој се предлага од страна на наведените предлагачи да се подели на акционерите како дивиденда претставува износ на ревалоризациони резерви од вреднувањетое на финансиските средства расположиви за продажба при што согласно сметководствените стандарди разликата помеѓу набавната вредност на хартиите од вредност и нивната објективна вредност на денот на известувањето се евидентира како сеопфатна добивка во билансот на состојба како ревалоризациона резерва, како и од ревалоризациони резерви кои потекнуваат од вложување во придружните ентитети, при што наведе дека овој износ не претставува износ на резерви над законските резерви, па поради тоа нема реален извор за истиот да се распределува како дивиденда.------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Горан Антевски, постави прашање доколку Друштвото нема извор и нема средства да ги подели на акционерите зошто се предлага стекнување на сопствени акции со што акционерите ќе останат покуси за делот кој им припаѓа, на што Извршниот директор Татјана Лазаевски му одговри дека тоа се предлага само во исклучителни случаеви со цел за заштита на акцијата и тоа најмногу до 1/10 од основната главнина, која одлука друштвото ја носи секоја година, а сопствени акции досега не се купувани, а предлогот од Горан Антевски и ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП не може да се реализира бидејќи не интервенирале во Одлуката за распределба на добивката каде што треба да се прикаже износот кој се предлага да се распредели на акционерите, или да се предложи нова предлог-одлука за распределба на тој износ па бидејќи тој износ не е прикажан како остварена добивка истиот не може да се подели на акционерите, по што побара по ова прашање да се произнесе и ревизорот Ненад Ранѓеловиќ.----------------
Збор зема ревизорот Ненад Ранѓеловиќ, кој наведе дека предложениот износ од 53.619.800 денари одговара на износот на ревалоризирани резерви кои потекнуваат од две ставки: 1). Ревалоризациони резерви од вреднувањето на финасиските средства расположиви за продажба, согласно МСС 39-Финансиски инструменти: признавање и мерење и истите ја претставуваат нереализираната добивка од последователното мерење на овие финасиски средства кои се евидентираат низ останатата сеопфатна добивка на Друштвото, како резултат на разликата меѓу набавната вредност на финасиските средства расположиви за продажба и нивната објективна вредност на датумот на известување, 2),како и ревалоризациони резерви,кои потекнуваат од ревалоризационите резерви на придружните ентитети, што како сметководствен третман е дефиниран во рамките на МСС 28-Вложување во придружните ентитети. При тоа наведе дека овие резерви не се заработени и не се оданочени, а дека согласно законот дивиденда може да се подели само ако претходно е пресметан и исплатен данок на добивка од 10%, па потоа може да се носи одлука за нејзина поделба, а дека ваков случај не сретнал во пракса но дека постојат законски одредби кои мора да се почитуваат.-----------------------------------------------------------------
Горан Антевски до ревизорот постави прашање дали може да се исплати дивиденда ако се плати данокот, на што ревизорот му одговори дека може но само доколку се продадат акциите и се плати данокот.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
За збор се јави Јана Стојкова Каневче која го праша ревизорот дали според сметководствените стандарди тоа е дозволено, бидејќи колку што таа разбира од досегашната дискусија не постојат реални и законски услови ваков предлог да се реализира во моментов, на што ревизорот одговори дека ревалоризационите резерви се пресметковна категорија и не се реализирана добивка, па ако се исплати дивиденда а резервите не се реализирани може да настане проблем ако вредноста на капиталот падне бидејќи во тој случај ќе се намали и износот на ревалоризационите резерви па ќе настане проблем кој никаде не е регулиран и ќе треба да се толкуваат стандардите кои претпоставуваат дека дивиденда ќе се исплати откако ќе се реализираат резервите а не пред тоа. -----------------------------------------------------
Збор зема Васко Митев кој побара собранието да ја усвои и донесе предложената Одлука од акционерите Горан Антевски и Раде Кончар-ТЕП ДООЕЛ Скопје, односно да се донесе одлуката а акциите дополнително да се продадат и по реализација на продажбата да се исплатат како дивиденда на акционерите како што е предложено во Предлог-Одлуката.-------------------------------------------------------
Извршниот директор Татјана Лазаревски наведе дека не може да се донесе таква Одлука, од причина што со одлуката се предлага да се исплати дивиденда од 53.619.800 денари како износ од над законските резерви, а таков износ Друштвото нема, додека предлог за исплата и поделба на дивиденда од ревалоризационите резерви, како предлог нема уредно доставено, а секоја продажба на акции се искажува во билансот на успех и се рефлектира на добивката која би се остварила во иднина па затоа за ваквата предлог-одлука на денешнотот собрание може само да се дискутира но не може да биде предмет на одлучување на ова собрание.-------------------------------------------------------------------------------
Васко Митев повторно побра акциите да се продадат при што наведе дека не бара да се исплатат 70 милиони денари туку 50 милиони денари откако ќе се продадат акциите.------------------------------------------
За збор се јави Зравко Стојков кој наведе дека овој предлог на акционерите е неук и никаде на свет го нема бидејќи нема законска можност да се реализира одпричина што ревалоризационите резерви претставуваат разлика во вредност на акциите и вредносно усогласување на капиталот на Друштвото. Наведе дека дури и да се продадат акциите тие ќе треба да се искажат како нова добивка и за таа добивка ќе треба да се донесе нова Одлука за нејзина распределба.-------------------------------------------------
За збор се јави Корина Киријас Цалева која истакна дека изречно се спротиставува на донесувањето на предложената одлука бидејќи истата е спротивна на законот и никој нема право да учествува во нејзиното донесување.-------------------------------------------------------------------------------------------------
Бидејќи немаше друга дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот го стави на гласање двете предложени одлуки.------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------- Се премина на гласање за Предлог-Одлуката за утврдување на износ на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар поднесена од страна на **Одборот на директори** на Раде Кончар Апаратна техника АД Скопје и по поединечното гласање констатираше дека Собранието **ја усвои** Одлуката за утврдување на износ на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар поднесена од страна на Одборот на директори на Раде Кончар Апаратна техника АД Скопје со 99398 гласа **ЗА** (53,78%), 78713 гласа **ПРОТИВ** (42,59%) и 6724 гласа **ВОЗДРЖАН** (3,64%).-------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на гласање за Предлог-Одлуката за износ на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар поднесена од страна на акционерите **Горан Антевски** и **Раде Кончар-ТЕП ДООЕЛ** Скопје на ден 21.05.2021 година и по поединечното гласање констатираше дека Собранието **не ја усвои** Одлуката за износ на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар поднесена од страна на акционерите Горан Антевски и Раде Кончар-ТЕП ДООЕЛ Скопје со 80751 гласа **ЗА** (43,69%), 99398 гласа **ПРОТИВ** (53,78%) и 4686 гласа **ВОЗДРЖАН** (2,54%).------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**6.Се пристапи** кон разгледување на точката на дневен ред- Донесување на Одлука за исплата на аванс на дивиденда.------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за исплата на аванс на дивиденда и по поединечното гласање констатираше дека Собранието **ја усвои** Одлуката за исплата на аванс на дивиденда со 164089 гласа **ЗА** (88,78%), 5031 гласа **ПРОТИВ** (2,72%) **ВОЗДРЖАН** нема (0,00%) и 15715 гласа **Отсатен** (8,50%).-------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред да премине на наредната точка од дневниот ред, Претседавачот побара повторно да се утврди кворумот за работа на собранието бидејќи дел од акционерите го напуштија собранието, па по повторна проверка констатираша дека Собранието има кворум за работа и одлучување и дека ќе продолжи да работи со **169120** (стошеесетидеветилјадистоидваесет) **гласа**, односно 82,20% од вкупниот број од 205754 акции со право на глас, од вкупниот број 206230 издадени акции, од кои согласно акционерската книга без право на глас се 476 акции.------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**7.Се пристапи** кон разгледување на точката на дневен ред- Донесување на Одлука за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2021 година.-------------------------------------------------------------------

Бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2021 година и по поединечното гласање констатираше дека Собранието **ја усвои** Одлуката за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2021 година со 115743 гласа **ЗА** (68,44%), 28605 гласа **ПРОТИВ** (16,91%) и 24772 гласа **ВОЗДРЖАН** (14,65%).---------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**8.Се пристапи** кон разгледување на точката на дневен ред- Донесување на Одлука за стекнување на сопствени акции со откуп.----------------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јви Горан Антевски кој побара Одборот на директори да ја повлече предложената одлука, затоа што Друштвото нема обезбедено буџет за откуп на сопствени акции.------------------------------------------

Збор зема Извршниот директор Татјана Лазаревски која повторно наведе дека оваа одлука Собранието ја носи секоја година и никогаш досега Друштвото не купило сопствени акции. Наведе дека одлуката се предлага за да може да се интервенира во исклучителни ситуации а со цел за заштита на акциите, како и дека тоа што ќе се донесе одлуката не значи дека автоматски ќе се купат 10% од основната главнина и тоа по максимална цена од 5.000 МКД, туку се дава рамка за откуп во висина од 750 до 5.000 денари и се ограничува износот на акции кои може да се купат согласно законот.------------------------------------------------

За збор се јави Ивица Капедановски кој праша кога се одлучува дали да се купат сопствени акции, на што Извршниот директор му одговри дека може да се одлучи купување а ко се загрози вредноста на акцијата од надворешни влијанија.-----------------------------------------------------------------------------------------

Бидејќи немаше друга дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за стекнување на сопствени акции со откуп. По извршеното поединечно гласање на секој од присутните акционери, Претседавачот констатираше дека Собранието **ја усвои** Одлуката за стекнување на сопствени акции со откуп со 99398 гласа **ЗА** (58,77%), 59975 гласа **ПРОТИВ** (35,46%) и 9747 гласа **ВОЗДРЖАН** (5,76%).----------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**9.Се пристапи** кон разгледување на точката на дневен ред- Донесување на Одлука за отповикување и избор на членови на Одборот на директори.-------------------------------------------------------------------------------

Извршниот директор Татјана Лазаревски наведе дека согласно член 44 став 1 од Статутот на Друштвото, мандатот на Одбор на директори престанува со истек на времето за кое се избрани, а кој трае до изборот на нов Одбор на директори, така што со изборот на новиот Одбор автоматски му престанува мандатот на стариот Одбор на директори.-----------------------------------------------------------------

Претседавачот ги информираше акционерите дека за оваа точка од дневниот ред до Друштвото благовремено се пристигнати предлози за избор на членови на Одборот на директори и тоа, од страна на акционери е доставен предлог со кој за членови на Одборот на директори се предложени: Јана Стојкова Каневче, Татјана Лазаревски, Корина Кириjас Џалева, Горан Јанчиќ и Татјана Вељковиќ како независен член, а од акционерот Раде Кончар-трансформатори и електрични постројки ТЕП ДООЕЛ Скопје за членови на Одборот на директори се предложени: Мартин Кочмановски, Ѓорѓи Доновски, Ѓорѓи Петрушев, Ана Канчевска и Драган Пецев. Понатаму наведе дека за доставените предлози ќе се гласа со тајно гласање по што акционерите ги подигнаа гласачките ливчиња за гласање по точката од дневен ред за донесување на Одлука за отповикување и избор на членовите на Одборот на директори и гласаа со ставање на гласачките ливчиња во посебна гласачка кутија.------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По завршувањето на тајното гласање тричлената комисија за тајно гласање ја зема гласачката кутија за да ги изброи гласовите, и по нивното броење на Претседавачот му ги предаде резултатите од тајното гласање, по што Претседавачот констатираше дека од 158.698 вкупно присутни гласови, акционерите на тајното гласање гласале како што следи:---------------------------------------------------------------------------------

- за **Јана Стојкова Каневче** со **104084** гласа **ЗА** (65,6%), **54614** гласа **ПРОТИВ** (34,4%) и **ВОЗДРЖАН** нема (0,0%);-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- за **Татјана Лазаревски** со **104084** гласа **ЗА** (65,6%), **54614** гласа **ПРОТИВ** (34,4%) и **ВОЗДРЖАН** нема (0,0%);-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- за **Корина Киријас Џалева** со **104084** гласа **ЗА** (65,6%), **54614** гласа **ПРОТИВ** (34,4%) и **ВОЗДРЖАН** нема (0,0%);-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- за **Горан Јанчиќ** со **99398** гласа **ЗА** (62,6%), **54614** гласа **ПРОТИВ** (34,4%) и **4686** гласа **ВОЗДРЖАН** (3,0%);-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- за **Татјана Вељковиќ** со **99398** гласа **ЗА** (62,6%), **54614** гласа **ПРОТИВ** (34,4%) и **4686** гласа **ВОЗДРЖАН** (3,0%);-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- за **Мартин Кочмановски** со **54614** гласа **ЗА** (34,4%), **99398** гласа **ПРОТИВ** (62,6%) и **4686** гласа **ВОЗДРЖАН** (3,0%);-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- за **Ѓорѓи Доновски** со **54614** гласа **ЗА** (34,4%), **99398** гласа **ПРОТИВ** (62,6%) и **4686** гласа **ВОЗДРЖАН** (3,0%);-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- за **Ѓорѓи Петрушев** со **59300** гласа **ЗА** (37,4%), **99398** гласа **ПРОТИВ** (62,6%) и **ВОЗДРЖАН** нема (0,0%);-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- за **Ана Канчевска** со **59300** гласа **ЗА** (37,4%), **99398** гласа **ПРОТИВ** (62,6%) и **ВОЗДРЖАН** нема (0,0%);-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- за **Драган Пецев** со **54614** гласа **ЗА** (34,4%), **99398** гласа **ПРОТИВ** (62,6%) и **4686** гласа **ВОЗДРЖАН** (3,0%).-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека за членови на Одборот на директори **се избрани :** Јана Стојкова Каневче, Татјана Лазаревски, Корина Киријас Џалева, Горан Јанчиќ и Татјана Вељковиќ како независен член, по што им го честиташе изборот и им посака успешна работа.----------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Завршено во 14,00 (четиринаесет) часот.-------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој нотарски записник, лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието **Чедомир Стојковски**, од Скопје, бул. Видое Смилевски Бато бр. 65/3-13, со ЕМБГ 3003957423000 и дека го предупредив на правните последици од оваа правна работа.-------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Странката изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој нотарски записник во целост одговара на дејствијата кои се случуваа на седницата на Собранието.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Овој нотарски записник е составен на осум страни од осум листа. На странката и се издаваат два изводи, а изворнит акт се чува во мојата архива.---------------------------------------------------------------------------------

Нотарската такса по тарифен број од 28 Законот за судски такси и член 158 ст. 3 од Законот за нотаријат во износ од **500,00** денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарска награда е пресметана во износ од **16.000,00** денари.--------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач на Собранието:-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Чедомир Стојковски с.р.**______________________________________________________________------------------------

***ОДУ бр.373/21***-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Скопје, 16.06.2021 (двеилјадиидваесетипрва година, месец јуни, ден шеснаесетти).---------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**НОТАР Снежана Видовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
СНЕЖАНА ВИДОВСКА
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
НОТАР
СНЕЖАНА ВИДОВСКА